# 83. ЕРГЕН ОДЕФ, МАЈКО




Ерген одеф, мајко, ерген одеф,
ерген одеф, мајко,поарно ми беше.

Падна ми се, мајко, падна ми се,
падна ми се, мајко, либе болникаво.

Дури ми е, мајко, дури ми е,
дури ми е, мајко, рака искршила, /2

Оженив се, мајко, оженив се,
оженив се мајко, зло ме нападна.

Синоќ ми е, мајко, синоќ ми е,
синоќ ми е, мајко, на рака лежала. /2

Па не можам, мајко, па не можам,
па не можам, мајко, пушка да си земам,
па не можам, мајко, на коњ да се качам...

Каракаш, Бранко. Антологија на македонски нардони песни. Скопје: Дега, 1995